Почитувани студенти,

Ве известуваме дека запишување на зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година, ќе започне од 18.09.2024 г. наместо од 16.09.2024 година (табела) и истото ќе се одвива како целосно дигитализиран процес на Универзитетот.

Почнувајќи од зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година, запишувањето и заверувањето на семестрите ќе се извршува исклучиво по електронски пат, без потреба од пополнување и поднесување на следниве хартиени обрасци ( образец за запишување на семестар и образец за заверување на семестар) на шалтерите на Одделението за студентски прашања. Уплатите, исто така ќе се одвиваат по електронски пат, преку Iknow системот.

Поради технички усогласувања во системот, новите функционалности ќе бидат набрзо достапни за користење од страна на студентите, а соопштението за запишување на семестарот и постапката ќе биде објавена на 17.09.2024 година.

Во табелата се дадени роковите за упис на зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година.

Табела

| | | |
|---|---|---|
| Редовен рок | 18.09.2024 до 30.09.2024 г | / |
| Запишување на семестар по истекот на рокот | 01.10.2024 г. до 14.10.2024 г. | со поднесено барање со образложение и уплата на надоместок за задоцнето запишување во износ од 1.500 денари, при поднесување на барањето |
| Мирување на студиите | до 14.10.2024 г. | со поднесено барање со образложение и соодветна документација, како доказ, за причините на мирувањето и уплата на надоместок за мирување во износ од 2.000 денари, при поднесување на барањето |
| Рокови за одбрана на дипломска работа | до 14.10.2024 г. | студентите се ослободуваат од запишување на зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година |

13.09.2024 г.

од Деканатот,